**Гоце Биковски**[1]

# КРИВИЧНИ ДЕЛА ПРОТИВ ИЗБОРИТЕ И ГЛАСАЊЕТО ВО МАКЕДОНСКОТО КАЗНЕНО ЗАКОНОДАВСТВО

**1.04 Стручна статија**
**УДК 343.415:340.13(497.7)**
**342.841:340.13(497.7)**

## Апстракт

*Изборите се универзално прифатено средство за конституирање на власта во секоја современа држава и за воспоставување на нејзиниот легалитет и легитимитет. Една од основните претпоставки за владеење на правото во секоја држава е доаѓање на власт по пат на легитимно спроведени избори. Со цел исполнување на овие основни цели на современата правна држава, изборите мора да се одвиваат според однапред утврдени „правила на игра“. Овие правила се предмет на регулирање посебен систем на норми што во политичката и уставно-правната наука се нарекуваат изборен систем.*

*Изборниот систем претставува збир на права, принципи, механизми и гаранции врз основа на кој се одвива учеството на граѓаните во изборите. Составен дел на изборниот систем се и нормите со кои се гарантираат правата на изборниот субјект и законитост во одвивањето на самиот изборен процес. Сите овие гаранции би останале гола декларација ако не се создадат реални претпоставки за нивно оживотворување во изборната практика. Поради овие причини, инкриминирани се ефикасни механизми за заштита на изборниот систем, бидејќи секое сомневање за регуларноста на изборите фрла сенка врз легитимноста на власта, а со тоа и врз самиот принцип на владеење на правото.*

***Клучни зборови:*** *избори, гласање, изборен систем, изборен процес, демократија.*

## Вовед

Регуларноста на изборите значи легално спроведување на изборите во практиката или фазите на изборниот процес да се одвиваат во согласност со Уставот, законите, како и во согласност со другите правила. Од регуларноста на изборите зависи степенот на легитимност на избраните органи. Регуларноста на изборите е сложено и деликатно прашање поради тоа што изборите спаѓаат во групата најсложени правни институти, а, исто така, во изборниот процес учествуваат голем број субјекти со спротивставени интереси и треба да се земе предвид фактот дека изборите се најзначаен политички настан за секоја земја.

Изборите се исполнети со творештво, но и со силна борба за власт што се води со легални и нелегални средства. Во тој контекст, изборите претставуваат вистинска арена со голем број учесници, каде што доминираат ривалството и новите идеи, но, од друга страна, можеби еднакво доминантни се лагите, поткупот и ниската изборна култура.

---

[1] Магистер по правни науки од областа на казненото право, помлад соработник за избори во Државната изборна комисија, goce_bikovski@hotmail.com.

Регуларноста на изборите е индикатор за функционирањето на правната држава и за степенот на цивилизираност на одреден народ. Правната држава доаѓа до целосен израз ако има капацитет да ја обезбеди легалноста на изборите во сите фази и ако го штити избирачкото право од најсуптилните повреди. Исто така, степенот на цивилизираност на еден народ најдобро се гледа преку изборните дејства, а особено преку изборната кампања, како најбурна фаза на изборниот процес.

Зборувајќи за регуларноста на изборите и за изборниот процес, вреди да се напомене дека речиси и во најголемите светски демократии не постојат кристално чисти, демократски и регуларни избори. Сенката врз изборните резултати најчесто ја фрлаат партиите што не го добиле посакуваниот резултат и тие во јавноста излегуваат со разни обвиненија за разни нерегуларности за кои бараат од надлежните институции да ги отстранат и да ги расчистат. Оттука, логично е дека истиот феномен се јавува и во нашата држава, која од осамостојувањето, па сè до денес е сведок на низа изборни нерегуларности, а за тоа дали тие се или не се расчистени целосно или делумно од страна на казнено-репресивниот систем ќе видиме во излагањата на овој труд.

## 1. Избирачко право и изборни органи

Избирачкото право ги има следниве карактеристики: општо, еднакво, непосредно и тајно избирачко право.

*Општото избирачко право* го означува правото на граѓаните да избираат и да бидат избрани во државните органи ако се полнолетни граѓани и ако имаат деловна способност (capacitas agendi). Или, негативно определено, избирачкото право е општо право затоа што не постои дискриминација меѓу полнолетните и деловно способните во користењето на ова право. Како субјективно право, општото избирачко право опфаќа две права: активно и пасивно избирачко право. Активното избирачко право е право на граѓанинот да избира претставници од државната власт, а пасивното избирачко право го означува правото на граѓанинот да биде избран во државните органи.[2]

*Еднакво избирачко право* значи еднаква вредност на гласовите на членовите на избирачкото тело, независно од нивната социјална положба, половата припадност, степенот на образованието или кое било друго својство. Со други зборови, еднакво избирачко право значи еден човек да има само еден глас на изборите и неговиот глас да има иста вредност, каква што е вредноста на другите избирачи.[3]

*Непосредно избирачко право* значи дека граѓаните непосредно ги избираат своите претставници во државните органи. Изборот се врши со гласање на граѓаните на избирачкото место врз основа на нивниот упис во избирачките списоци, а на последните избори (локални избори 2021 г.), за првпат во историјата на државата, идентификација на гласачите беше извршена со помош на уредот за биометриска идентификација (УБИГ) или попозната како идентификација со отпечаток од прст (fingerprint). Непосредни избори значат отсуство на чие било посредување меѓу граѓаните и изборот на нивните претставници.[4]

*Тајното гласање* значи облик на гласање што обезбедува целосна анонимност. Овој облик на гласање не може да се контролира од државните органи, од политичките партии или од други субјекти. Тајноста на гласањето се обезбедува со затворени гласачки кутии и затскриени гласачки места (паравани). Тајното гласање обезбедува две суштински својства на изборите: прво, независност на избирачите во гласањето и, второ,

[2] Шкариќ, С., Силјановска-Давкова, Г., Уставно право, Скопје, 2007, стр. 509–510.
[3] Ibid, 2007, стр. 513.
[4] Ibid, стр. 516.

чесност на изборите. Оттука, не е случајно тоа што тајните непосредни избори се означуваат како слободни и чесни избори.[5]

Изборните органи раководат со изборниот процес и се грижат за регуларноста на изборите. Тие се грижат во однос на тоа да се реализираат изборите на начин и во време утврдени со важечките правила. Овие органи водат посебна грижа за организација на изборите, за редот и дисциплината на избирачките места, за обезбедување тајност на гласањето и за објективно утврдување на изборните резултати. Во составот на изборните органи се застапени неколку структури: државни органи, политички партии и граѓани.

Изборниот законик таксативно дефинира кои се органите за спроведување на изборите:

- Државна изборна комисија;[6]
- Општински изборни комисии и Изборна комисија на градот Скопје;[7]
- Избирачките одбори;[8]
- Избирачките одбори за гласање во дипломатско-конзуларните претставништва на Република Северна Македонија, односно конзуларните канцеларии.

Секој од горенаведените изборни органи има точно дефиниран број на членови и надлежности што ги врши согласно Изборниот законик и подзаконските акти донесени од страна на Државната изборна комисија.

## 2. Специфики на кривичните дела против изборите и гласањето

Главата шеснаесет од Кривичниот законик е наменета за кривичните дела против изборите и гласањето. Ваквата посебна инкриминација на тие дела во посебна глава е резултат на почитувањето на постулата на правната држава и датира од 1996 година[9], кога со донесувањето на Кривичниот законик е направена кривичноправна заштита на избирачкото право на граѓанинот. Групен објект на заштита кај кривичните дела против изборите и гласањето е изборниот систем.

Казненоправната заштита на избирачкото право се однесува на активното и пасивното избирачко право. Со пропишаните инкриминации се заштитува слободата на граѓанинот да избира или да биде избран, да гласа или воопшто да не гласа, без никаква присилба, што неговата одлука би ја направило изнудена, наметната или купена. Избирачкото право се заштитува од дејствија што претставуваат насилство, измама или поткупување, со што овие дела се појавуваат како специјални форми на општите дела на присилба, измама или поткуп.[10]

Во 2004 година[11], поради зачестеноста на кривичното дело „Спречување избори и гласање“ (член 158), се изврши градуирање на ова кривично дело преку предвидување

---

[5] Ibid, стр. 518.

[6] Види: членови 26-32 од Изборниот законик – пречистен текст („Службен весник на Република Македонија“ бр. 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 54/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16, 142/16, 67/17, 125/17, 35/18, 99/18, 140/18, 208/18 и 27/19).

[7] Види: членови 33-37 од Изборниот законик – пречистен текст („Службен весник на Република Македонија“ бр. 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 54/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16, 142/16, 67/17, 125/17, 35/18, 99/18, 140/18, 208/18 и 27/19).

[8] Види: членови 38-40 од Изборниот законик – пречистен текст („Службен весник на Република Македонија“ бр. 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 54/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16, 142/16, 67/17, 125/17, 35/18, 99/18, 140/18, 208/18 и 27/19).

[9] „Службен весник на РМ“ бр. 37/1996.

[10] Витларов, Т., Казнено право – посебен дел со практични примери, авторизирани предавања, 2013, стр. 30.

[11] „Службен весник на РМ“ бр. 19/2004.

на наведените начини на извршување на делото како квалификаторен облик, за кои се предвиде построга казна. Поради зачестеноста на кривичните дела против изборите и гласањето, во целиот период од осамостојувањето, законодавецот во 2006 година[12], под притисок на јавноста, без некоја посериозна анализа и расправа, се одлучи за драстично заострување на кривичните санкции кај овие кривични дела. Некои од кривичните дела претрпеа измени и во описите на законските битија на кривичните дела, а се предвиде и нов член 165-а со кој се воведе ново кривично дело: „Злоупотреба на средствата за финансирање на изборна кампања". Со измените извршени во 2009 година[13], казна за сторено дело „Злоупотреба на средствата за финансирање на изборна кампања" се предвиде и за одговорното лице или за носителот на изборната кампања, како и за физичкото и правното лице што незаконски донира средства за изборна кампања. Истовремено, се предвиде и задолжително изрекување на казната „Забрана за вршење професија, дејност или должност" за кривичните дела против изборите и гласањето (член 165-б). Со измените и дополнувањата во 2009 година, поради заострените казни и опфатот со генералната одредба за казнивост за извршување на делото во обид, се избришаа одредбите со кои беше предвидено дека е казнив обидот за извршување на кривичните дела: „Повреда на избирачкото право" (член 159), „Повреда на слободата на определување на избирачите" (член 160) и „Злоупотреба на избирачкото право" (член 161), а истовремено законодавецот ја релаксираше казнената политика за кривичното дело „Поткуп при избори и гласање" (член 162) на тој начин што предвиде дека кога стекнатата корист од поткупот е од помала вредност, сторителот треба да се казни со парична казна или со затвор до една година. Исто така, се изврши интервенција во кривичното дело „Уништување изборни исправи" (член 164), така што како потежок облик на основното дело се предвидоа случаите кога делото е сторено од група, со употреба на оружје или со насилство.

Со измените и дополнувањата на Кривичниот законик од 2011 година[14] за кривичните дела против изборите и гласањето сторени од политичките партии се предвидува задолжително изрекување на споредната казна „Забрана за користење средства за финансирање на политички партии од Буџетот на РМ". Поради усогласување на КЗ со измените и дополнувањата на Изборниот законик и соодветно адресирање на препораките од ОБСЕ/ОДИХР во 2014 година,[15] се предвиде нов член 165-в со кој се воведе ново кривично дело: „Противзаконско располагање со буџетски средства за време на избори". Со новото кривично дело се инкриминираат противзаконското почнување изградба на објекти за време на избори, противзаконско исплаќање плати, пензии, субвенции, социјална помош за време на избори, противзаконско организирање јавен настан по повод почнување изградба или пуштање во употреба на објектот за време на избори, како и необјавувањето посебна база за буџетски трошоци со сите буџетски исплати, освен редовните плати, пензии и комунални трошоци, како и преглед на сите планирани и реализирани приходи и расходи од Буџетот по ставки, во периодот од почетокот на фискалната година до денот определен во Изборниот законик за поднесување на извештајот.

## 3. Емпириски дел на трудот

За да може да се согледаат реалните состојби во врска со кривичните дела против изборите и гласањето во Република Северна Македонија, ќе биде направена соодветна

[12] „Службен весник на РМ" бр. 73/2006.
[13] „Службен весник на РМ" бр. 114/2009.
[14] „Службен весник на РМ" бр. 51/2011.
[15] „Службен весник на РМ" бр. 14/2014.

анализа на податоците што се објавени во публикациите на Државниот завод за статистика во делот што се однесува на сторителите на кривичните дела против изборите и гласањето. За таа цел ќе бидат разгледани публикацијата и соопштенијата што се однесуваат на: Сторители на кривични дела, 2017 г., Пријавени, обвинети и осудени полнолетни сторители на кривични дела и деца во судир со законот за 2018, 2019, 2020, 2021 и 2022 година. Потребно е да се напомене дека Државниот завод за статистика не ги групира кривичните дела според изборни циклуси, туку хронолошки, според години, и поради тоа, тие ќе бидат прикажани и табеларно.

**Табела 1**
**Кривични дела против изборите и гласањето според години[16]**

| **Кривични дела против изборите и гласањето** | **2017** | **2018** | **2019** | **2020** | **2021** | **2022** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Обвинети | 5 | 4 | 3 | / | 1 | 11 |
| Виновни | 5 | 3 | 2 | / | 1 | 10 |
| Ослободени од обвинение | / | 1 | 1 | / | / | / |
| Обвинението е одбиено | / | / | / | / | / | 1 |

Од податоците изведени во табелата јасно може да се забележи дека бројот на сторители на кривични дела против изборите и гласањето и не е толку голем, како што се очекувањата на јавноста. Причина за тоа е дека ваквите дела тешко се докажуваат и надлежните правосудни органи не може да соберат доволен број докази што би им помогнале за да може да поведат соодветна постапка, која на крајот би резултирала со правосилна пресуда. И јавноста и граѓаните се свесни дека бројките на овој вид кривични дела се значително поголеми, но во недостиг на доволен број докази со кои може да се докаже спротивното, тие треба да ги прифатат официјалните бројки и нив да ги пласираат како единствени релевантни податоци. Од друга страна, на ваквите податоци Република Северна Македонија треба да гледа како на позитивен резултат, бидејќи колку е помал бројот на ваквите кривични дела, толку повеќе може државата да се пофали со демократски и фер спроведени избори што даваат позитивна слика како на домашно, така и на меѓународно ниво.

Податоците во Табела 1 покажуваат дека најмногу сторители на кривични дела против изборите и гласањето има во 2022 година. Во 2020 година не е регистриран ниту еден сторител од овој вид кривични дела, иако во таа година се спроведоа парламентарни избори, но за првпат во историјата на државата тие беа во едни други околности, поточно се одржаа во екот на пандемијата предизвикана од вирусот КОВИД-19 и беа пролонгирани од редовниот термин што беше предвиден во април, а се одржаа во јули, па најверојатно и таквата вонредна состојба е причина за да не биде регистриран ниту еден сторител на кривично дело против изборите и гласањето. Во 2017, 2018, 2019 и 2021 година е регистриран барем по еден обвинет, што значи дека во 2017 г. од 5 обвинети, имаме 5 што се огласени за виновни, во 2018 г. од 4 обвинети, 3 се огласени за виновни,

[16] Публикација: Сторители на кривични дела, 2017, Соопштение: Пријавени, обвинети и осудени полнолетни сторители на кривични дела и деца во судир со законот за 2018, 2019, 2020, 2021 и 2022 година од Државниот завод за статистика.

а 1 е ослободен од обвинение, во 2019 г. имаме 3 обвинети, од кои 2 се огласени за виновни, а 1 е ослободен од обвинение и во 2021 г. 1 обвинет, кој е огласен и за виновен.

### 4. Случај „Титаник“

Еден од најзначајните случаи во историјата на македонското казнено законодавство што се однесува на изборни нерегуларности е случајот под кодно име „Титаник“ на некогашното Специјално јавно обвинителство (СЈО), кој се водеше против тогашни високи владини функционери што формирале злосторничко здружување и ги извршиле следниве кривични дела против изборите и гласањето: повреда на избирачкото право, поткуп при избори, уништување изборни материјали и злоупотреба на средства за изборна кампања во 2012 година.

Во описот на обвинението на СЈО стоеше: „Имено, во 2012 година, обвинетите што имале својства на министер за внатрешни работи, министер за транспорт и врски и секретар на Владата на Р. Македонија, сите членови на извршен комитет на партија, заедно со други, засега непознати лица, искористувајќи го своето реално влијание и службена положба, а заради понатамошно опстојување на власт на партијата, и на локално и на државно ниво, и особено заради нивни непосредни привилегии од практикување на власта, создале група што имала цел вршење кривични дела против изборите и гласањето, а за кои кривични дела може да се изрече казна затвор од три години или потешка казна. На истата група, по создавањето, припадници станале другите осомничени лица, сведоци и други засега непознати лица, на тој начин што дел од осомничените и други засега за истрагата, непознати лица, заради победи на изборите на политичката партија, сочиниле план, на противзаконит начин, да им овозможат на повеќе лица да користат избирачко право, кои дејствија според планот би се реализирале преку службените лица, вработени во Министерството за внатрешни работи на РМ и лица што директно ќе врбуваат и ќе носат лица од странство со реализација преку одделот за информатика и телекомуникации на МВР, потоа преку насилство и други противправни дејствија во текот на изборната кампања и самите изборни денови да влијаат врз начинот како да се врши избирачкото право и да спречуваат вршење избирачко право, во изборниот процес на лица со избирачко право да нудат, да даваат и да ветуваат подарок или друга корист со намера да ги придобијат како да го вршат избирачкото право и да користат незаконски средства за финансирање на кампањата, чиј план го прифатиле останатите осомничени, сведоците и други засега непознати лица, при што во рамките на групата, и создавачите и припадниците имале конкретна улога, а улогите се детално опишани во наредбата за спроведување истражна постапка.“

Тогашниот министер за внатрешни работи првостепено беше осуден на казна затвор од 2 години и 6 месеци, но со пресуда од второстепениот суд, казната затвор беше преиначена во условна осуда, додека, пак, на поранешниот министер за транспорт и врски првостепената казна затвор од 4 години и 6 месеци, со одлука на Апелациониот суд, беше намалена на 3 години и 6 месеци. На некогашниот генерален секретар на Владата, пак, првостепениот суд му изрекол условна осуда од 2 години, доколку во рок од 5 години не стори ново кривично дело, а второстепениот ја потврдил.

Во истиот тој случај, постапката беше неколку пати проширувана и опфати и други обвинети од тогашната власт, но дел од нив беа од пониските ешалони, а за нив исто така беа изречени неколкугодишни затворски казни, како и условни осуди.

### 5. Заклучок

Заштитата на избирачкото право е многу значаен институт на изборниот систем на секоја држава. Правниот механизам за заштита на ова право овозможува изборите да ја постигнат својата цел – демократско легитимирање на државната власт. И обратно, повредите на ова право го трансформираат изборниот процес во фарса и недемократски чин.

Секаков вид кривични дела создава негативна перцепција за државниот систем, но кривичните дела против изборите и гласањето сериозно го разнишуваат столбот на демократијата и слободата, и од самата држава бараат посериозен пристап со цел ваквиот криминалитет да се сведе на минимум. Република Северна Македонија има добро поставен казненоправен систем што може да се справи со ваквиот вид кривични дела. Казненоправната заштита, исто така, неопходно бара и постоење функционално јавно обвинителство, професионална полиција и, секако, независно и непристрасно судство, кои во секој изборен циклус се поставени пред нови предизвици и од нив се очекува соодветно да се справат со ваквите предизвици.

Од сите изведени излагања во овој труд може да се дојде до заклучок дека државата добро се справува со овој вид кривични дела, имајќи ги предвид бројките што се однесуваат на неколку последователни изборни циклуси. Сепак, како што е спомената и погоре, овој вид криминалитет располага со прилично поголема „темна“ бројка што тешко се открива, поради тоа што сторителите на ваквите кривични дела се најчесто носителите на власта и самите добро се заштитени. Илузорно е во иднина да се очекува дека нема да има ваков вид кривични дела, со оглед на фактот што секоја актуелна власт на секој нареден изборен циклус сака да опстане колку што е можно подолго.

**6. Користена литература**


- Шкариќ, Светомир, Силјановска-Давкова, Гордана, Уставно право, Скопје, 2007.
- Витларов, Тодор, Казнено право – посебен дел со практични примери, авторизирани предавања, 2013.
- „Службен весник на РМ“ бр. 37/1996, бр. 19/2004, бр. 73/2006, бр. 114/2009, бр. 51/2011, бр. 14/2014.
- Изборен законик – пречистен текст („Службен весник на Република Македонија“ бр. 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 54/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16, 142/16, 67/17, 125/17, 35/18, 99/18, 140/18, 208/18 и 27/19).
- Кривичен законик („Службен весник на Република Македонија“ бр. 37/1996, 80/1999, 4/2002, 43/2003, 19/2004, 81/2005, 60/2006, 73/2006, 7/2008, 139/2008, 114/2009, 51/2011, 135/2011, 185/2011, 142/2012, 166/2012, 55/2013, 82/2013, 14/2014, 27/2014, 28/2014, 41/2014, 115/2014, 132/2014, 160/2014, 199/2014, 196/2015, 226/2015, 97/2017 и 248/2018).
- Публикација: Сторители на кривични дела, 2017, Државен завод за статистика.
- Соопштение: Пријавени, обвинети и осудени полнолетни сторители на кривични дела и деца во судир со законот за 2018, 2019, 2020, 2021 и 2022 година од Државниот завод за статистика.

**Goce Bikovski**[17]

# CRIMINAL OFFENSES AGAINST ELECTIONS AND VOTING IN MACEDONIAN CRIMINAL LEGISLATION


## Abstract

Elections are a universally accepted means of constituting the government in every modern state and establishing its legality and legitimacy. One of the basic assumptions for the rule of law in every state is coming to power through legitimately conducted elections. In order to fulfill these basic goals of the modern legal state, the elections must take place according to predetermined "rules of the game". These rules are subject to the regulation of a special system of norms which in political and constitutional-legal science is called the electoral system.

The electoral system represents a set of rights, principles, mechanisms and guarantees on the basis of which the participation of citizens in the elections takes place. An integral part of the electoral system are the norms that guarantee the rights of the electoral subject and the legality of the electoral process itself. these guarantees would remain a bare declaration if realistic assumptions were not created for their revival in electoral practice. For these reasons, effective mechanisms for the protection of the electoral system are incriminated, because any doubt about the regularity of the elections casts a shadow over the legitimacy of the government, and thus on the very principle of the rule of law.


**Keywords:** elections, voting, electoral system, electoral process, democracy

[17] Master of legal sciences in the field of criminal law, junior associate for elections in the State Election Commission, goce_bikovski@hotmail.com.